Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 14/0306
29.01 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 декември 2023 година, врз основа на примена жалба од Илија Милчиноски, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за жалби едногласно се согласи дека „Скопје 1.мк “ во објавата (Видео) „Што направи бе, ја уби мајка ми – шест повредени во сообраќајка во Кисела Вода“, го прекрши членот 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 декември 2023 година, Илија Милчиноски поднесе жалба за објавата „(Видео) „Што направи бе, ја уби мајка ми“ – шест повредени во сообраќајка во Кисела Вода “ објавена на 11 декември 2023 година на интернет порталот „Скопје 1.мк“.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршување на Кодексот на новинарите по основ на сензационализам.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Скопје1.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До денот на одржување на седницата на Комисијата, од порталот Скопје1.мк не достави одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и <u>едногласно</u> одлучи дека во текстот е прекршен членот 8 од Кодексот на новинарите на Македонија:

> *Член 8: “Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.”*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата одржана на 25 декември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата едногласно одлучи дека во објавата е прекршен член 8 од Кодексот на новинарите на Македонија, поради следните причини:

Текстот објавен на 11 декември  2023 година, на интернет порталот „Скопје 1.мк“, содржи сензационалистички пристап, иако при известување од несреќи во кои има повредени, според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, начинот на информирање мора да биде ослободен од сензационализам. Насловот: „Што направи бе, ја уби мајка ми“– шест повредени во сообраќајка во Кисела Вода е контрадикторен и создава конфузија за тоа дали во сообраќајната несреќа има мртви или само повредени лица. Текстот е придружен од видео снимка, преземена од Инстаграм, на која се слуша вознемирувачки глас, обвинувања и псовки, но не се гледа ниту сообраќајната несреќа, ниту кој кому ги упатува обвинувањата. Подробно детали за несреќата се дознаваат од соопштението од МВР, објавено на крајот од текстот.

Според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

> *8.1. При известувањето за несреќи, природни катастрофи, епидемии, насилен екстремизам и тероризам, онлајн медиумите ќе бидат исклучително внимателни и ќе избегнуваат објавување сензационалистички наслови и непроверени информации, водејќи сметка да не создаваат дополнително вознемирување и паника во јавноста.*

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет .

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595